# СЕКТОР СОЦИЈАЛА



BUILDING THE EUROPEAN FUTURE TOGETHER

## НАКРАТКО ЗА СЕКТОРОТ

Развојот и реформата на социјалните политики се приоритети во регионот. Активностите се фокусираат на образование, здравствените и пензиските системи, намалување на сиромаштијата, социјална инклузија и подобрување на мрежата за социјална сигурност. Придружните инфраструктурни мерки вклучуваат изградба и модернизација на социјални станбени, образовни, здравствени и правосудни објекти. Напредокот во овој сектор е витална компонента на напорите на Западниот Балкан за усогласување со стратегијата Европа 2020, особено преку стратегијата за Југоисточна Европа (ЈИЕ) 2020. Стратегијата ЈИЕ 2020 е одраз на решеноста на владите во Југоисточна Европа да ги прифатат неопходните политики за постигнување на неопходниот општествено-економски за осигурување на просперитетот на граѓаните и за олеснување на интеграцијата во ЕУ.

| ПРОЕКТИ | ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТИТЕ | ПРОЕКТИ СО ПОТПИШАНИ ЗАЕМИ | WBIF ГРАНТОВИ | WBIF ГРАНТОВИ ВО 2019 |
|---|---|---|---|---|
| 27 | €3,2 млд. | 18/€1,2 млд. | €43,5 м. | €1,5 м. |

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

- Подобри училишта за 96.600 ученици
- Пет нови високообразовни и истражувачки установи
- Здравствени установи и објекти за 1,8 милиони лица
- Затворски установи според европски стандарди за 3.000 затвореници

## ПРИОРИТЕТИ И АКТИВНОСТИ НА WBIF

Проектите во секторот Социјала изнесуваат 15% од портфолиото. WBIF грантовите помогнаа во подготовката, преку стратешки студии, студии на изведливост, нацрти, проценки на влијанија, итн., и кофинансирањето на инфраструктурни проекти кои имаат големо влијание врз животите на луѓето, од образование, истражување и културни установи, до здравствени и правосудни објекти, како и социјално домување, општинска и рурална инфраструктура. Преку овие инвестиции, финансиите обезбедени од WBIF активно промовираат социјална кохезија и одржлив развој во целиот регион.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- Подобри училишта за 150.000 ученици
- Четиринаесет нови високообразовни и истражувачки установи
- Здравствени установи и објекти за 9,7 милиони лица
- Решение со социјално станување за најмалку 8.200 луѓе
- Основна инфраструктура за 35.000 лица во рурални подрачја
- Затворски установи според европски стандарди за 2.700 затвореници

## WBIF ГРАНТОВИ ПО СЕКТОР

Општествени потсектори (€ во м.)




- Образование
- Правда
- Здравство
- Социјално станување
- Култура и спорт
- Општинска/рурална инфраструктура

## WBIF ГРАНТОВИ ПО КОРИСНИК

Вредности на грантови (€ во м.)




Број на грантови




- Албанија
- Босна и Херцеговина
- Хрватска[1]
- Косово*
- Црна Гора
- Северна Македонија
- Србија
- Регионални проекти

Податоци од мај 2020.
www.wbif.eu

** Оваа ознака е без предрасуди кон позициите за статусот и е во согласност со UNSCR 1244/1999 и Мислењето на МСП за декларацијата на независност на Косово.*

*[1] Корисничка на WBIF до 1 јули 2013.*

# ПРИМЕРИ НА ПРОЕКТИ

Western Balkans Investment Framework WBIF

BUILDING THE EUROPEAN FUTURE TOGETHER

## Надградба и реконструкција на правосудни објекти во Србија

European Investment Bank

Србија имплементира сеопфатна инвестициска програма за реконструкција на приоритетни правосудни објекти како дел од Националната стратегија за судска реформа, за да се олесни интеграцијата и пристапувањето на државата во Европската Унија.

Проектот на WBIF покрива реконструкција на Палатата на правдата во Окружниот суд во Белград, реновирање на објектот на Државниот обвинител и изградбата на ново крило на Специјалниот суд во Белград.

Реновирањето на објектот на Државниот обвинител и Палатата на правдата се сега завршени, а зградите се целосно функционални. Модерните објекти ќе му овозможат на судскиот персонал да ја зголеми ефикасноста на својата работа, а клиентите ќе имаат корист од побрзи процедури. Следствено, ова ќе ја зголеми довербата на луѓето во владеењето на правото во Србија.


*Целосно функционална „Палата на правдата" на Врховниот суд во Белград, Србија (c) ЕУ*

| | |
|---|---|
| **ПРОЦ. ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ** | **€84,3 м.** |
| **WBIF ГРАНТ:** | **€3,1 м. (TA)** |
| **ПОТПИШАН ЗАЕМ:** | **€45 м. (EIB)** |

## Станување и социјална интеграција на загрозени лица кои живеат во колективно сместување во Босна и Херцеговина

CEB COUNCIL OF EUROPE DEVELOPMENT BANK BANQUE DE DÉVELOPPEMENT DU CONSEIL DE L'EUROPE

Судирите во 1990-те во поранешна Југославија доведоа до раселување на повеќе 1 милион лица во границите на денешна Босна и Херцеговина. На крајот на 2011 година, околу 113.000 лица сè уште беа раселени, а 8.500 живееја во колективни центри и алтернативно привремено сместување. Многу од нив се невработени, постари, болни или на друг начин социјално загрозени лица.

Овој проект има за цел да обезбеди станбени решенија за околу 7.200 бегалци и внатрешно раселени лица кои живееле во колективни центри или алтернативно сместување на крајот на 2012. Конкретно, проектот вклучува изградба и рехабилитација на 82 згради (2.600 станбени единици) во 45 општини и градови ширум Босна и Херцеговина кои потоа ќе им бидат дадени на корисниците врз основа на социјален, непрофитен модел за станбено изнајмување или во рамките на центри за институционално сместување (грижа). 150 семејства се преселија на нови локации до крајот на 2019 година (осум колективни центри и локации за алтернативно сместување беа затворени).


*Еден од корисниците во новоизградените станови во Маглај, БиХ (c) ЦЕБ*

| | |
|---|---|
| **ПРОЦ. ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ** | **€105,1 м.** |
| **WBIF ГРАНТ:** | **€1,2 м. (TA)** |
| **ПОТПИШАН ЗАЕМ:** | **€60 м. (CEB)** |
| **ОЧЕКУВАНО ЗАВРШУВАЊЕ:** | **крај на 2022.** |